

*Марија Кукубајска, за Денот на жените, орхидеите и љубовта, книжевен настап, Вестминстер, Калифорнија, 1992*

„За мене празниците на народите и културите се славење на различни идентитети со иста цел: оддавање признание на народниот и индивидуалниот гениј, на колективната мудрост на човештвото и на личниот развој и успех. Затоа и овие меѓународи настани во САД ги сметам за чествување на човековата универзална љубов кон трансценденталната возвишена моќ на слободата, кон цвеќето – симбол на убавината и кон жената – суштина која ја обединува во еднаквост светоста на љубовта и на животот.

Изразувам длабоко срдечна благодарност до сите што ме инспирирале да ги разбирам и славам различните празници, и токму тука и сега, после Кинеската нова година, Денот на орхидеите, и пред меѓународниот празник на жената, да ги поздравам: мојата македонска православна црква Св. Богородица во Витиер; креативниот народ во вашата најголема виетнамска дијаспора во САД, овде во Вестминстер, Калифорнија; Smithsonian Institution – Indochina Arts Project Washington/Irvine, Pacific Asia Museum во Пасадена, Сенатор на Калифорнија, Ed Royce, најголемиот виетнамско-француски етномузиколог и композитор Pham Duy. На негова музика ги напишав стиховите: **„Жената не е силна кога има слобода да крши машини, ниту машки идентитети, ниту кога руши општества и фамилиим, туку кога во мир и мудрост гради сестран напредок додека сади моќна љубов и нежно цвеќе - музика за срцето.**
Овие идеи кореспондираат со сликите на вашиот уметник, мој соработник на проектот Арт-По, Уметност и поезија, кои се изложени од вечерва, сликарот и литограф Viet Ngyen.

(*Vietnamese Tet Art Exhibit & Orchid Show*. Century Art Gallery, Vietnamese Cultural Center, Westminster, California, 1992)


NGƯỜI VIỆT
THỜI SỰ • VĂN HÓA • NGHỊ LUẬN
(13 tháng Chín năm TÂN MÙI)
Photo by LÊ PHÚC
TẠP GHI
Phở
Nhà báo Lê Đình Điểu và nhạc sĩ Phạm Duy
Nữ thi sĩ người Nam Tư Maria Kubaš ... tặng tập 10 bài thơ cảm về nhạc Phạm Duy

Весникот Nguoi Viet, за виетнамско-американскиот и македонски музичко-поетски и сликарски настан по повод Денот на цвеќето, за делата на композиторот Фам Дуи и поетесата Др. Марија Кукубајска. https://youtu.be/Gqm4BRnIYqg https://youtu.be/TKZeHvH3heQ

Кукубајска, Маријаво својата татковина Македонија учествува на поетскиот настап по повод 8-ми Март: *Поетско музичка вечер* во Скопје,со песните: *За умствен престол на чувствата* и *Заложница за умување* (од најновиот ракопис *Јаглен и Дијамант*). Други учесници: Бошњаковска Гордана Михаилова, Јоциќ-Христова Светлана, Миркуловска Бистрица, Тодоровска Душица, Трифуновска Радмила, Шуплинова Евгенија, Арбуљевска Олга, Андеевски Петре, Бошковски Петар, Гајтани Адем, Котевски

Јован. Центар за култура и информации на град Скопје, 1974

Две песни за 8ми Март од Марија Кукубајска, *Манифест на космичката девица* и *За умствен престол на чувствата,*
објавени се во Културен Живот, стр. 38, XX, 2-3, Скопје, 1975



На свечена седница за 8ми Март, 1975, Собрание на Општина Штип, Марија Кукубајска чита делови од својот ракопис, детско-младинскиот роман „Викторија“. Ја истакнува одлучноста на младите да се борат за човекови вредности, слобода во светот и татковината, и возвишен мир во душата. Романот е напишан за Викторија Вита Поп Јорданова, 1967, спрема кажувањата на мајка и’ Софија Поп Јорданова.



[illegible]



[illegible]